Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 04-1844/10
10-06-2025 09.06.2025 година

Врз основа на членовите 49 став (2) и 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 154/19), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НЕИЗБОР НА КАНДИДАТИ ПО ЈАВЕН ОГЛАС БР. 2/2025

1. За работното место под бр. 6. Помлад соработник за евиденција во Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, Сектор за инспекциски надзор, 2 (двајца) извршители, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА ЕДЕН КАНДИДАТ.
2. Оваа одлука влегува во сила по конечноста на истата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Агенцијата за храна и ветеринарство објави јавен оглас бр. 2/2025 објавен на ден 26.05.2025 година, за вработување на 20 (дваесет) административни службеници на определено време до 30.11.2025 година во дневните весници „Слободен печат" и „Коха". За работното место под бр. 6. Помлад соработник за евиденција во Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, Сектор за инспекциски надзор, 2 (двајца) извршители, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА ЕДЕН КАНДИДАТ.
На ден 05.06.2025 година (четврток) во просториите на Агенција за храна и ветеринарство во периодот од 10:00 до 12:00 часот, Комисијата за спроведување на постапка за вработување со решение бр. 04-1844/5 од 23.05.2025 година спроведе интервју со уредно пријавените и поканети кандидати и му предложи на одговорното лице да изврши избор само на еден кандидат.
Врз основа на горенаведеното, како и врз основа на Записникот од спроведеното интервју бр. 04-1844/8 од 05.06.2025 година, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе одлука како во диспозитивот, за неизбор на еден кандидат.
**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена сметано од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

**Директор,**
**д-р. Оливер Миланов**

Доставено до:
- Одделение за човечки ресурси
- Веб страна на АХВ

qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2015 No.15994/0